#INNO4EDU

| Наслов на активноста | |
|---|---|
| Куклен театар | |
| **Возраст** | |
| Развоен период (од 5 до 10-годишна возраст) | |
| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| Домашни услови | Самоконтрола, фантазија, креативност |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 30 минути | 30-40 минути |
| **Цели** | |
| Целта е кај детето да се развијат емоционалната компетентност и фантазијата кај детето. | |
| **Очекувани резултати** | |
| Детето ги изразува своите емотивни состојби. | |
| **Насоки** | |

**Претходна подготовка за активност**

Подготовка на кукли/играчки за куклен театар. Доколку има интерес и желба, куклите може да се изработат од најразлични материјали коишто ги имате во домот (прилог бр. 1**).** Подготовка на материјали за сцена.

**Инструкции/насоки за играта**

Поставување на сцена за настап (тоа може да биде едноставно криење зад каучот, театар на маса или театар направен од картон/пллатно).
На детето му се објаснува дека со помош на куклите, на поставената сцена ќе треба да ја изведува куклената претстава според текстот коишто сами го измислиле.
Членовите од семејството ќе бидат публика и ќе ја следат претставата, а доколку има интерес може да се вклучат и членовите на поширокото семејство преку интернет-врска.

**Активност/игра**

Кукленият театар е одличен начин да се навлезе во фантазијата на детето и да се дознае како тоа се чувствува. Охрабрете го да смисли своја претстава, помогнете му да постави сцена за настапот, договорете се за времето на претставата и подгответе се да бидете публика. Предложете му да смисли приказна на тема: „Каде се моите другарчиња?", „Здраво учителке", „Игра во дворот", „Сакам да те гушнам" и слично (прилог бр. 2), коишто на децата ќе им помогнат подобро да се справат со проблемите и последиците од времето поминато во социјална изолација.

Ако може, во ова време, јавете се кај членовите од поширокото семејство или пријатели, поврзете се со нив преку интернет за да гледаат и тие.
По претставата разговарајте со детето за ликовите и како тие се чувствуваат, успокојте го дека работите ќе се вратат во нормала.
Преправањето и глумењето приказни им помагаат на децата да ги изразат емоциите, истовремено учејќи се на самоконтрола, опуштање и користење на фантазијата.

Доколку има интерес кај детето може да се прават претстави и на други теми.

**Прилози**

Прилог бр. 1



Прилог бр. 2

Линк до видео од изработка

**Материјали**

- Кукли/играчки
- Чорапи
- Волница
- Прибор за цртање
- Хартија
- Ножици
- Лепило
- Картон
- Платно

| **Активноста е подготвена од:** |
| --- |
| Материјалот е преземен и приспособен од отворените материјали објавени во предизвикот за Социјално-емоционална благосостојба - #УчимеДома, подготвен од УНИЦЕФ Северна Македонија<br><br>Едукатори: Соња Чаловска, Весна Пецева<br><br>Графички дизајн: Катерина Николовска<br><br>Лектура: Јана Михајловска<br><br>Превод: Агим Лека |



